НОЕМВРИ, 2025
www.inpluseducation.eu

2024-1-MK01-KA220-ADU-000250334

# In+ Билтен




## За проектот

In+ е проект посветен на поддршка на возрасни лица со пониски квалификации за стекнување дигитални вештини потребни за успех на современите работни места. Партнерите од Македонија, Италија и Хрватска работат на дизајн на патеки за учење засновани врз реалните потреби на работодавачите и секојдневните задачи на работниците.
Проектот ги проучува процесите на дигитализација во компаниите и ги идентификува видовите поддршка кои им се потребни на работниците за успешно да се прилагодат. Фокусот е е да се дизајнира учење што е достапно, флексибилно и непосредно применливо на работа, преку кратки и едноставни чекори.

In+ придонесува кон тоа растечката дигитализација да не ги остави зад себе работниците со пониски квалификации, овозможувајќи им правична шанса да учествуваат, да напредуваат и да останат конкурентни на променливиот пазар на труд.

- **Кон што целиме**

In+ има за цел и да ја поттикне дигиталната и економската инклузија. Со понуда на прилагодени и флексибилни можности за учење, проектот нуди поддршка на работниците со пониски квалификации да ги зајакнат своите основни вештини, да го подобрат својот потенцијал за вработување и поцелосно да учествуваат во дигиталната економија. Преку насочена поддршка и практична обука, активностите од In+ се насочени кон намалување на дигиталниот јаз и подобрување на социоекономската благосостојба на работниците.



CES ACADEMY
STUDIUM
CRHACKLAB F4D

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.
PROJECT NUMBER: 2024-1-MK01-KA220-ADU-000250334

Co-funded by the European Union

# Извештај за анализа на потребите за обука



Проектот In+ официјално го објави Извештајот за анализа на потребите за обука.
Извештајот содржи сеопфатно истражување кое ги дефинира реалните дигитални вештини што им се потребни на работниците со пониски квалификации.
Анализата користи bottom-up пристап, собирајќи согледувања директно од работодавачи и работници од партнерските земји, дополнети со мал меѓународен примерок.
Анализата ги обединува наодите од четирите истражувачки алатки во рамки на вториот работен пакет: прашалници, интервјуа и фокус-групи, со цел да се разберат реалните способности на работниците, најкритичните јазови во вештините, степенот на дигитализација во компаниите и очекувањата на работодавачите.

Прочитајте ги нашите наоди од извештајот




Создадена е веб-страница посветена за поддршка на проектот.
Сите новости, ажурирања и резултати од проектот ќе бидат објавувани таму во текот на целото времетраење на проектот.

*Скенирајте го QR-кодот и посетете ја веб-страницата*

## Следни чекори

Овој Извештај за анализа на потребите за обука претставува основа за следната фаза на In+ – развој на пилот програми за обука дизајнирани да ги зајакнат клучните дигитални вештини и да ги подготват работниците за практични, реални задачи во современите работни средини. Врз основа на идентификуваните потреби, партнерите ќе креираат прилагодени алатки и материјали за обука кои директно ќе ги адресираат специфичните предизвици. Програмата ќе вклучува практични модули поддржани со инструктивни видео-туторијали. Следниот чекор е фазата на пилотирање, во која овие решенија за обука ќе се тестираат и финализираат.

CES ACADEMY STUDIUM CRHACKLAB F4D

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.
• PROJECT NUMBER: 2024-1-MK01-KA220-ADU-000250334

Co-funded by the European Union